Известување за концентрација со која Шмиц Каргобул АГ, Германија ќе стекне контрола над делови од средства и деловна активност на Ламберет САС, Франција (предмет бр. 08-160/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 12.11.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Шмиц Каргобул АГ, со регистрирано седиште на Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Германија ќе стекне самостојна контрола над делови од средства и деловна активност на Ламберет САС, друштво во судска реорганизација, со регистрирано седиште на 129 Роуте де Воннас, 01380 Сент-Сир-сур-Ментхон, Франција.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Шмиц Каргобул АГ е семејно друштво основано во Германија кое произведува и дистрибуира полуприколки и приколки. Шмиц Каргобул АГ произведува производи за превоз на стоки во различни индустрии, вклучувајќи храна, пијалаци, замрзнати стоки, фармацевтска индустрија, земјоделство и шумарство, курирски услуги, градежни материјали и автомобилска индустрија.

Во Северна Македонија, Шмиц Каргобул АГ остварува приход и има регистрирано присуство преку следното зависно друштво – ШМИЦ КАРГОБУЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, Илинден со регистрирано седиште на ул. „34“, бр. 3 Илинден, 1000 Скопје, со приоритетна дејност 46.900 - неспецијализирана трговија на големо.

Предмет на концентрацијата се делови од средствата и деловната активност на Ламберет САС .

Ламберет САС е еден од водечките западноевропски субјекти специјализирани за дизајн, производство и продажба на каросерии со контролирана температура за комерцијални возила, камиони и полуприколки.

Целните средства ги опфаќаат активностите на развој, производство и продажба на одделот „индустриски возила“ на групацијата Ламберет, кој работи од производствените локации во Сент-Сир-сур-Ментхон (Saint-Cyr-sur-Menthon) и Сарегмин (Sarreguemines), Франција. Имено, производствената локација во Сент Езеб (Saint Eusèbe), Франција, каде што се лоцирани главните активности на Ламберет поврзани со лесни комерцијални возила, е исклучена од опфатот.

Целните средства, исто така, ги вклучуваат следните работилници и продажни филијали во Франција:

- 75 ру Антоине Маниганд (rue Antoine Manigand) – 01540 Воннас (Vonnas);
- Ру Рене Тајон (Rue René Tayon) – 56100 Лорент (Lorient);
- 48 ру ду Дауфине (rue du Dauphiné) – 69800 Сент Приест (Saint Priest);
- 1 ру ду Валјон (rue du Vallon) – 94440 Маролес-ан-Бри (Marolles-en-Brie).

Целните средства понатаму ги вклучуваат активностите кои Ламберет САС ги врши во

Германија и Шпанија, преку уделите во неговите зависни друштва:

- ЛАМБЕРЕТ ДОЈЧЛАНД ГмбХ (LAMBERET DEUTSCHLAND GmbH) – 100% од уделот и правата на глас;
- ЛАМБЕРЕТ ВЕИКУЛОС ФРИГОРИФИКОС (LAMBERET VEHICULOS FRIGORIFICOS) – 100% од уделот и правата на глас;
- КЕРСТНЕР ГмбХ (KERSTNER GmbH) – 15% од уделот и правата на глас се во директна сопственост на Ламберет САС, додека останатите удели се во сопственост на ЛАМБЕРЕТ ДОЈЧЛАНД ГмбХ и соодветно ќе бидат стекнати индиректно. КЕРСТНЕР ГмбХ ја управува локацијата за лесни комерцијални возила во Грос-Рорхајм (Gross-Rohrheim) (Германија). Преку КЕРСТНЕР, Ламберет развива сопствени решенија за ладење за лесни комерцијални возила.

Целните средства не биле активни и не остварile приход во Северна Македонија во 2025 година.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за продажба на големо на полуприколки во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 8 дена од денот на објавување на ова известување.

20.11.2026 година
Скопје